*Трајан ГОЦЕВСКИ*

# *Обраќање по повод 85-те години високообразовна дејност на Филозофскиот факултет*

Одбележувањето на 16 декември, денот кога, пред 85 години, започнаа првите стандардизирани студии во Скопје, не е празник само на оваа институција.

Со овој датум, и со високото образование, се врзува дел од нашата образовна и културна историја, се врзува нашата сегашност, но се гради и нашата европска иднината.

Во оваа јубилејна пригода, ќе си допуштам само накусо да потенцирам неколку работи, поврзани со:

- нашиот 85-годишен о̂д по непознатото во науката;
- 85-те години талкање по патот на научната вистина;
- 85-те години создавање кадар кој, денес, е столбот на нашето образование, на нашата наука, на нашата култура.

Со еден збор, го всадувавме коренот на нашиот опстој на овој немирен балкански простор.

Со чинот на отворањето на Филозофскиот факултет во Скопје, македонскиот народ, всушност, ја возобнови и ја институционализира вековната просветителска традиција на нашите простори која трае со милениуми а е олицетворена, најнапред, во духовното школство, потоа во верското образование, па во првиот св. Климентов охридски универзитет.

Милениумскиот просветителски зрак, понесен од древниот Охрид, нѐ осветли нас, но ги разбуди и чувствата речиси на сите словенски народи за развој на сопствената писменост и на сопствената наука.

Предводници на тој процес беа: светите браќа Кирил и Методиј, св. Климент и св. Наум, Теофилакт и Прохор, Јован Кукузел, Андреја Дамјанов и Дичо Зограф, Прличев, браќата Миладиновци, Мисирков, Чуповски, Конески и многу, многу други.

Со основањето на Филозофскиот факултет, се поставија темелите за основање и за развој и на низа други врвни институции

од посебно национално значење, како што се: Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, МАНУ, многубројните други факултети, институтите од национално значење, заводите за заштита на нашето историско и културно богатство, библиотеките и др.

Создадени се претпоставките за општоцивилизацискиот развој на македонскиот народ и на националните заедници кои живеат во Македонија.

Направена е кадровска преобразба на македонската држава, проблем кој, како резултат на колонијалните политики, водени кон нас со векови, најмногу се чувствуваше и оставаше траги врз нашето сеопфатно живеење.

Удрени се темелите за градење на сопствената национална култура, на науката и на образованието, идеали на голем број наши просветители, во текот на нашето вековно, макотрпно, но достоинствено опстојување на овие простори.

Филозофскиот факултет е основан со Закон на Владата на Народна Република Македонија, од 1946, а првите предавања почнале истата година, на денешен ден, на 16 декември, кој ние го одбележуваме како наш патронен празник.

Но, притоа, не може и не треба да се избегне фактот дека овој Факултет ја започнал својата дејност токму на денешен ден, на 16 декември 1920 година, и тоа како единствена самостојна високообразовна институција.

Студиите започнале на 10 катедри.

Само во првите 10 години, дипломирале 756 студенти, а до престанувањето на неговата работа, на 3 април 1941 година, според нецелосни податоци, дипломирале уште над 1.000 студенти.

Потоа, дел од професорите и голем број студенти активно ќе се вклучат во борбата против фашизмот и против окупацијата на Македонија. Притоа, повеќе од 40 студенти и еден професор ги положија и своите животи, а голем дел од нив се депортирани по логорите и по затворите на тогашна Југославија.

Најголемиот дел од студентите и дел од професорите од Филозофскиот факултет, по војната, активно ќе се вклучат во обновата и во развојот на нашата земја.

Некои од нив станаа мошне значајни за нашата наука, за културата и за образованието, какви што се: Пенушлиски, Попјорданов, Трифуновски, Томовски, Миљовска, Апостолов, Динев, Корубин, Сотировски и други. Оттука, овој Факултет, денес, достојно ја заокружува својата 85-годишна високообразовна дејност.

Во 1920 година е отворена и првата Универзитетска библиотека, при скопскиот Филозофски факултет, со почетен книжен фонд од 30.000 книги.

Студиите на Филозофскиот факултет, во основа, беа зачетокот на првиот македонски Универзитет, се разбира, по св. Климентовиот. Следејќи ги современите текови во високото образование, денес, Филозофскиот факултет ја заокружува својата дејност со нови осовременети, според ЕКТС, студиски програми, што ни овозможува да ја оствaруваме нашата дејност како модерна, современа високообразовна наставно-научна и едукативна институција, оспособена за апликација на модерна образовна технологија, според сите европски и светски стандарди.

Филозофскиот факултет денес покрива 10 научни области, со 12 студиски програми на додипломските студии и со 14 студиски програми на постдипломските студии, што го вбројува во редот на најразгранетите членки на нашиот Универзитет. Јубилејот го одбележуваме со изграден сопствен информатички систем и со сопствена мрежа, неопходни за вклучување во европскиот простор на високото образование.

Основна дејност на Филозофскиот факултет остануваат додипломските студии, специјалистичките и магистерските постдипломски студии, докторските студии и перманентното образование за сите научни области за кои Факултетот е матичен. Наставниците и соработниците се носители на разни научноистражувачки и развојни проекти чии резултати се користат за унапредување на наставната и на апликативната дејност на Факултетот, во земјата и во странство.

Исто така, наставниците и соработниците од Филозофскиот факултет се носители или учесници на многубројни домашни и меѓународни научни собири; автори се или коавтори на недобројни студии, монографии, учебници, списанија и сл.

Еден добар дел од наставниците на Филозофскиот факултет, по покана, престојуваат на многу универзитети во светот.

Филозофскиот факултет денес има развиена меѓународна соработка што ја остварува преку Универзитетот *Св. Кирил и Методиј,* од Скопје, и соработува со околу 40 странски универзитети.

Но, сепак, најголемиот успех на оваа институција се сите оние млади луѓе кои своето образование ни го доверуваа нам, а денес се носители на развојот на образовниот систем во нашата земја.

Тука треба да ги вброиме околу 1.800-те, пред војната, и 14.844-те, по војната, дипломирани студенти, подоцна признати

специјалисти, магистри, доктори на науки, па десетиците академици, уметници и сл.

Нашата држава одбележа многу значајни датуми од својата историја: 100 години Илинден, 100 години државност, 100 години од излегувањето на делото на К. П. Мисирков *За македонцките работи*, и многу други.

Јубилеи достојни за почит.

Филозофскиот факултет даде огромен придонес во сите манифестации по тие поводи, а денес достојно го одбележува и својот скромен јубилеј, 85 години високообразовна дејност.

Ќе бидеме многу среќни и задоволни доколку, со нашата мисија, сме дале макар и скромен придонес за нашата држава и за нашиот народ.

И денес, на оваа свеченост, им оддаваме посебна почит на сите македонски дејци, просветители, научници, академици, уметници, ... кои целиот свој живот ѝ го посветија на идејата на својот народ и на својата држава, да ја направат пристојно место за живеење, и почит за сите оние кои имале каква било врска со Филозофскиот факултет или пак студирале во рамките на неговите катедри.

Но, за жал, нашата држава, и денес, кога сме пред портите на ЕУ и на НАТО, сè уште има проблеми.

Се посега по името, по народот, по црквата, по територијата, по границите, по достоинството на трудољубивиот и горд народ, без разлика на која национална заедница ѝ припаѓа.

И Универзитетот *Св. Кирил и Методиј*, како универзален бренд на овие простори, почна некому да му пречи.

Се прашуваме, зошто?

Одговорот е едноставен.

Европа го прогласи XXI век за век на знаењето, затоа, тоа, знаењето, станува најскапиот и најпосакуваниот производ во секоја просперитетна држава.

Оттука, образованието и универзитетите стануваат столбот на подемот на сè во државата, патоказот кон иднината и основата за просперитетот, нашиот и на нашите поколенија.

Доколку се разнебитат тие, и разнебитувањето на државата е поедноставно.

Но, од ова место, сите ние треба да ја испратиме пораката – тоа нема да се дозволи, а Филозофскиот факултет, како и досега, прв ќе застане, како пречка, на тој пат кон разнебитувањето.

Јасна е и пораката на генијалниот визионер Крсте Петков Мисирков, од пред сто години. Тој вели дека, во иднина, ќе има два

народа, едните учени, и кои ќе владеат со светот, и другите кои нема да учат, неучени, и тие ќе робуваат на учените народи.

Токму затоа, создавајќи недобројна интелигенција за нашата земја, Филозофскиот факултет и Универзитетот во целост, му се оддолжуваат на аманетот на Мисирков, за создавање учен народ, оставајќи, притоа, белег врз сите собитија кои се случуваа во нашата земја, со нашиот народ, во минатото, но ќе дава патоказ и за тоа што ќе се случува и како ќе се случува во иднина.

Тоа е нашата мисија.

Должност ни е на достоинствен начин да го водиме нашиот Факултет во новиот милениум, да го оспособиме за сите предизвици што ги носи тој. Тоа од нас го бара милениумската св. Климентова просветителска традиција. Тоа го бара од нас нашиот народ, без разлика на неговата верска или национална припадност. Тоа од нас го бараат младите генерации кои се нашата гордост, но и нашата иднина.

Таков однос кон традиционалното му прилега на еден вековит народ, на народ со долга традиција во културата и во просветителството.

Секако дека оваа институција има и проблеми. Еден дел од нив успешно ги надминуваме сами, друг дел, со помош на Универзитетот а дел, со институциите на нашата држава.

Сепак, клучот на сите решенија е во самите нас.

Затоа треба да ги застапуваме, да ги браниме и да ги афирмираме трајните вредности кои се создаваат на нашиот Филозофски факултет и на нашиот Универзитет.

Тие се нашата вистинска иднина.

Тие се нашиот траен и вистински интерес.

Тие се нашето вистинско богатство.

Тие се нашиот заеднички именител.

Сè друго е привремено, со сомнителна вредност и со кратка трајност, и не е доблесно за една универзитетска заедница.

Нека ни е вечен и просперитетен Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* и Филозофскиот факултет, како негов зародиш.

Нека ни е вечна и просперитетна Република Македонија.